**Република Северна Македонија**
**Republika e Maqedonisë së Veriut**
- МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА -
- MINISTRIA PËR ÇËSHTJE EVROPIANE-

11.07.2025
Бр. 11-175/202

Врз основа на член 49 став 1 и член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19, 110/19 и 121/24), т. 4.6 од Процедурата за планирање, отпочнување и спроведување на постапката на селекција и изборот на национални надворешни контролори од прво ниво на контрола за вршење контрола на проектите од Интерег програмите кофинансирани од Европската унија за периодот 2021-2027 година на Министерстовото за европски прашања со арх.бр. 11-175/183 од 26.06.2025 година и Записникот од спроведената евалуација на јавниот повик за селекција и избор на национални надворешни контролори од прво ниво за вршење контрола на проектите од Интерег програмите кофинансирани од Европската унија за периодот 2021-2027 година со арх.бр. 11-175/201 од 11.07.2025, Министерот ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗБОР НА НАДВОРЕШНИ КОНТРОЛОРИ ВО СИСТЕМОТ ЗА КОНТРОЛА ОД ПРВО НИВО НА ПРОЕКТИТЕ ОД ИНТЕРЕГ ПРОГРАМИТЕ КОФИНАНСИРАНИ ОД ЕВРОПСКАТА УНИЈА ЗА ПЕРИОДОТ 2021-2027 ГОДИНА**

Член 1

За надворешни контролори во системот за контрола од прво ниво на проектите од интерег програмите кофинансирани од Европската Унија за периодот 2021-2027 година, се избираат следните кандидати:

1. Викторија Ристовска;
2. Дарко Калин;
3. Никола Тодосовски;
4. Даниела Козарева-Јованов;
5. Звонко Кочоски;
6. Љубица Јоанидис;
7. Ивана Петрова;
8. Шенаси Бајрами;
9. Ардиан Марку;
10. Бојан Петрески;


**Република Северна Македонија**
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut
**Министерство за европски прашања**
Ministria për Çështje Evropiane
Кеј Пресвета Богородица бр.3, Скопје
Kej Presveta Bogorodica nr.3 Shkup
Република Северна Македонија
+389 2 3200 104
www.sep.gov.mk

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
- МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА -
- MINISTRIA PËR ÇËSHTJE EVROPIANE-
11.07..2025

11. Весна Ристовска.

Член 2

Оваа Одлука се доставува до сите пријавени кандидати и се објавува на веб страницата на Министерството за европски прашања на денот на нејзиното донесување.

Член 3

Оваа Одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на на член 49 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19, 110/19 и 121/24) согласно кој „Министерот го претставува министерството, организира и обезбедува законито и ефикасно вршење на работите и задачите; донесува прописи и други акти за кои е овластен и презема други мерки од надлежност на министерството во согласност со закон; одлучува за правата, должностите и одговорностите на државните службеници и други лица вработени во министерството кои немаат статус на државни службеници, доколку со закон поинаку не е определено" и член 55 став 1 согласно кој „Министерот донесува правилници, наредби, упатства, планови, програми, решенија и други видови акти за извршување на законите и други прописи, кога за тоа е овластен со закон", како и врз основа на Записникот од спроведената евалуација на јавниот повик за селекција и избор на национални надворешни контролори од прво ниво за вршење контрола на проектите од Интерег програмите кофинансирани од Европската унија за периодот 2021-2027 година со арх.бр. 11-175/2/1 од 11.07.2025, се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука:** Против оваа Одлука може да се поднесе тужба пред надлежен суд, во рок од 8 дена од денот на приемот на известувањето за донесување на оваа Одлука.

**Orhan Murtezani**
**Министер за европски прашања**
**Ministër për Çështje Evropiane**


**Република Северна Македонија**
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut
**Министерство за европски прашања**
Ministria për Çështje Evropiane
Кеј Пресвета Богородица бр.3, Скопје
Kej Presveta Bogorodica nr.3 Shkup
Република Северна Македонија
+389 2 3200 104
www.sep.gov.mk